# МЕНТОРСКИ УСЛУГИ

## За подобар успех на вашето претпријатие!

**Аплицирајте и добијте професионални бесплатни менторски услуги!**



### Унапредете

го вашиот бизнис и зачекорете низ патот на успехот преку поддршката на нашите квалификувани ментори.

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РСМ – АППРСМ објавува **Јавен повик за спроведување на бесплатни стандардизирани менторски услуги** во мали и средни претпријатија (МСП).




## Корисниците

на менторските услуги заедно со менторот ќе работат на анализа на моменталната состојба во која се наоѓа претпријатието, утврдување на клучните сегменти во кои е потребна поддршка, преточени во акциски план за надминување на истите,како и помош во решавањето на некои од нив.

## Менторите

се квалификувани лица со овластување да ги спроведуваат услугите врз основа на успешно завршени менторски обуки од областа на дијагностика на претпријатија, финансиски менаџмент, маркетинг, развој на бизнис план, управување со производство, деловна комуникација и развој на човечки ресурси.

# Системот
## на менторски услуги

е развиен и стандардизиран во соработка на АППРСМ и Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA) во 2018 година и се спроведува во соработка со Регионалните Центри за деловна поддршка во седум региони на територијата на Република Македонија, од каде иницијално доаѓаат и менторите. Услугата се спроведува веќе 6 години, со вкупен опфат од 244 корисници, кои изразија задоволност и оценија дека менторството им помогнало во работењето.

Корисниците на услугата преку учество на оваа програма можат да бидат поддржани и со останатите услуги кои ги обезбедува Агенцијата преку системот за поддршка на МСП - субвенционираното ваучерско советување, добивање на релевантни информации за водење на бизнисот - Инфо пулт и друго.



Право на учество на јавниот повик имаат микро, мали, средни претпријатија кои се занимаваат со производствени или услужни дејности.

# Јавниот повик

## е отворен до 04 април 2024 година.





**Менторските услуги**
**СЕ БЕСПЛАТНИ**
**за избрани корисници**

кои ги задоволуваат условите и критериумите дефинирани со Јавниот повик објавен на интернет страната на АППРСМ

Дознај повеќе!

## За избраните корисници –

постојни претпријатија се одобруваат 50 менторски часови, а за почетните претпријатија 25 менторски часови.

## Преземете ја пријавата од:

АППРСМ

Контакти

*Пријавата се поднесува заедно со придружните обрасци и документација.

Повеќе информации на:

https://www.facebook.com/MentoringMakedonija/

mentoring@apprm.gov.mk